# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2019

**ЗЕЛС**

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр.5 , п.фах 32 , 1000 Скопје, Република Северна Македонија
www.zels.org.mk / contact@zels.org.mk

Почитувани,

Публикацијата „Годишен извештај на ЗЕЛС" претставува уште една дополнителна алатка преку која ЗЕЛС на транспарентен начин ги прикажува активностите и резултатите реализирани во текот на годината, како и приходите, расходите и ревизорскиот извештај за 2019 година.

Она што е особено значајно за овој период е иницијативата за унапредување на системот на локалната самоуправа во земјава. ЗЕЛС изнесе предлог –концепт, утврден во три насоки: фискална децентрализација; проширување на надлежностите на ЕЛС и промени во организацијата на локалната власт, а најголем напредок беше постигна во делот на разговорите за проширување на надлежностите. Во 2019 година локалните власти ја нагласија заложбата за зголемени активности во собирањето на сопствените приходи, при што органите и телата на ЗЕЛС покренаа иницијатива за зголемување на стапката на данок на имот, во рамките на законските можности. Од особена важност беше и реафирмирањето на активностите на комисиите при ЗЕЛС. Комисијата за урбанизам и просторно планирање и Управниот одбор на ЗЕЛС посветија поголемо внимание на нацрт-верзија на Предлог-законот за утврдување на правниот статус на бесправно изградените објекти, при што со консензус беше договорено да се стави крај на нелегалното градење, а беа изнесени и низа други предлози. Предмет на дискусија беа и Предлог-законот за урбанистичко планирање, текстот на Нацрт–законот за градење, Правилникот за категоризација на градбите и слично. Забележителна активност во овој период имаше и Мрежата на територијални противпожарни единици (ТППЕ).

Освен активностите за лобирање, како најважна стратегиска цел на ЗЕЛС, во текот на 2019 година, преку „ЗЕЛС тренинг центарот" беа реализирани и низа обуки, советувања и работилници на кои присуствуваше 881 лице од општинската администрација и општинските совети. ЗЕЛС продолжи и со поддршката на општините во користењето на сите информациски системи. Само преку системот www.gradezna-dozvola.mk, општините издадоа 2.109 одобренија за градење, а преку информацискиот систем www.e-stvari.mk имаше околу 100 објави за аукции.

ЗЕЛС реализираше и повеќе проекти за поддршка на локалните власти за спроведувањето на надлежностите и подобрувањето на услугите. Беше реализиран проектот „Поддршка на единиците на локалната власт на РСМ во промоција на одржлива урбана мобилност", а беше обезбедена и поддршка на општините за изработка на документот „функционална анализа". Активностите во областа на родово еднакви општини продолжија преку новиот двогодишен проект поддржан од UN Women, во чии рамки беше формирана и лоби група за родова еднаквост на ЗЕЛС. Како партнер во проектот „Зајакнување на општинските совети", ЗЕЛС даде посебен придонес во втората компонента, која се однесува на вмрежувањето на општинските советници. Активната соработка на ЗЕЛС со бројни домашни и странски организации и агенции континуирано се одвиваше и во 2019 година.

*Душица Перишиќ*
*Извршен директор на ЗЕЛС*

ЗЕЛС

# 1. ЗА ЗЕЛС

Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија – „ЗЕЛС" е непрофитна организација и единствена национална асоцијација во земјава, во која доброволно членуваат сите 80 општини и градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа. Основана е во 1972 година. За ефикасно функционирање на Заедницата, во Статутот на ЗЕЛС утврдени се следниве органи:

- **Генерално собрание**, составено од 90 делегати;
- **Управен одбор**, составен од 22 члена;
- **Надзорен одбор**, составен од 6 члена и
- **Комитет на советите**, составен од 9 члена.

Во рамките на ЗЕЛС формирани се повеќе комисии за областите што се во надлежност на локалната власт (урбанизам, образование, животна средина, локален економски развој...) чии членови се градоначалници, а исто така, формирани се и професионални мрежи составени од претставници од општинската администрација.

ЗЕЛС дејствува и во меѓународни рамки. Таа е членка на: ЦЕМР – Совет на европските општини и региони; на НАЛАС - Мрежа на националните асоцијации на локалните власти од земјите во Југоисточна Европа и на АЛДА - Асоцијација на агенции за локална демократија. ЗЕЛС ја има улогата на Секретаријат на делегатите од РСМ во Конгресот на локалните и регионалните власти на Советот на Европа и Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија.
ЗЕЛС ги застапува интересите на сите локални власти од земјава, пред централната власт. Претставници на ЗЕЛС остваруваат средби со претставници на Владата на РСМ, а преку постојната парламентарна Комисија за локална самоуправа во Собранието на РСМ, ЗЕЛС соработува и со народните претставници од законодавниот дом.

Во согласност со своите стратегиски цели, ЗЕЛС во континуитет се грижи и за зајакнување на капацитетите на локалната власт, преку „ЗЕЛС тренинг центарот" (ЗТЦ), а преку „ЗЕЛС единицата за поддршка на електронските услуги за општините" (ЗЕПЕ) во името на сите општини, го врши одржувањето, како и непреченото користење на информациските системи.

## Стратегиските цели на ЗЕЛС се:

**1. Застапување и лобирање;**
**2. Обезбедување и одржување систем на услуги за ЗЕЛС;**
**3.Обезбедување одржливост и професионалност на извршната канцеларија на ЗЕЛС.**

## МИСИЈА:

ЗЕЛС дефинира заеднички политики и приоритети, заради остварување на интересите на општините во Република Северна Македонија, користи иновативен приод и предлага воведување на информатичко-комуникациски новитети, напредни општествени методи и пристапни финансиски инструменти и политики во процесот на развој на системот на локалната самоуправа.
ЗЕЛС се стреми кон намалување на диспаритетот во развојот меѓу општините и кон финансиски независни општини,со добри човечки капацитети, подготвени да дадат најдобри услуги на граѓаните.



# 2. АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ЗЕЛС

## ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА ЗЕЛС

***Генералното собрание на ЗЕЛС во текот на 2019 година одржа две седници. Ова највисоко тело на Заедницата има вкупно 90 делегати, односно сите градоначалници на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) по функција се делегати на Собранието, а делегати се и членовите на Комитетот на советите при ЗЕЛС.***

### Четврта седница на Генерално собрание на ЗЕЛС *(23 јуни, 2019 година, Струга)*

На четвртата седница делегатите ги усвоија извештаите за реализација на активностите на ЗЕЛС и за финансиското работење во претходната година, како и измените во Статутот на ЗЕЛС заради усогласување со уставните измени на името на државата. Делегатите беа информирани за заклучоците што произлегоа од средбата на членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС со премиерот, Зоран Заев, за продолжување на процесот на децентрализацијата во земјава. Концептот се однесува на фазно пренесување на надлежностите, со рокови и датуми што ќе започнат од 1 јануари, 2020 година. Присутните беа информирани дека е договорено формирање на мешовита работна група, составена од претставници од ЗЕЛС, од Владата на РСМ и од соодветните министерства. Управниот одбор е согласен за развивање на процесот на децентрализација, но доколку претходно се обезбеди финансиска стабилизација на општините, како и обезбедување на адекватни финансиски средства за секоја новопрефрлена надлежност на локално ниво. ЗЕЛС ги реафирмира своите барања во делот на фискалната децентрализација, а беа предложени и други форми на финансиско зајакнување на локалната власт, преку пренесување на дополнителни изворни приходи. Беше посочено дека целиот процес мора да го следат мерки кои ќе обезбедат квалитетно пренесување на надлежностите, но и обезбедување на добра организациска поставеност на локалната власт.

Делегатите беа информирани за две приоритетни прашања, поставени на Управниот одбор на ЗЕЛС, за кои општините треба писмено да се изјаснат по дописот што ќе го достави ЗЕЛС. Станува збор за зголемување на стапката на данок на имот, во рамките на постојната законска можност и прашањето за согласност за утврдување на дополнителни услови и зголемена висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште за објектите кои се предмет на легализација. Притоа, претседателот на ЗЕЛС апелираше за поголема одговорност на локалните власти за ефикасно собирање на сопствените приходи, особено на данокот на имот, надградување на базата на податоци и репроцена на вредноста за утврдување на реална даночна основица на објектите, според актуелната методологија.

Делегатите изнесоа одредени предизвици, меѓу кои за сè уште задолжените јавни претпријатија чии основачи се општините. Беше предложено да се формира посебна работна група која ќе ги утврди начините за надминување на состојбата. Делегатите од руралните општини укажаа на












недостаток на кадри во општините за инспекциските служби, информатичари, урбанисти и слично. Поради недостатокот на финансиски средства, тие укажаа дека се соочуваат со предизвикот да не можат да платат ДДВ при реализација на проекти за локални патишта или при аплицирањето за користењето на домашни и странски фондови. Беше посочено дека општините немаат обучени тимови за да ја понесат обврската за аплицирање и реализација на ИПА 2 и ИПА 3 проектите и дека им е потребна поддршка. Долготрајната постапка за донесување на урбанистички планови, како и често неадекватната постапка за заштита на културното наследство, сериозно ги нарушуваат условите за развој на локалната економија. Беше побарано, со отворањето на преговорите со Владата, во делот на противпожарната заштита, да се инсистира на вклопување и финансирање на противпожарните единици во четирите општини кои не беа опфатени со новиот Закон за пожарникарство.

## Петта седница на Генерално собрание на ЗЕЛС *(5 декември, 2019 година, Скопје)*

Делегатите на петтата седница на Генерално собрание на ЗЕЛС ги разгледаа и ги усвоија Акцискиот план за 2020 година и Буџетот на ЗЕЛС за 2020 година. Беа усвоени и одредени измени на Статутот на ЗЕЛС, меѓу кои: усогласување на актите на ЗЕЛС со Законот за здруженија и фондации; распределба на имотот на ЗЕЛС во случај на престанување на неговото работење; можност за спроведување на електронски седници на Генералното собрание и на Управниот одбор на ЗЕЛС. Генералното собрание го изгласа Бесим Мемеди, актуелен претседател на Советот на Општина Гостивар, за нов член од Полошкиот плански регион во Комитетот на советите при ЗЕЛС.

На оваа седница Генералното собрание упати препорака до локалните власти да ја имплементираат електронската алатка „Отворени финансии" што ја користат државните органи и институции, по презентацијата што пред делегатите ја реализираа претставници од Министерството за финансии и ИРИ.



Претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, ги информираше делегатите како тече и до каде е реализацијата на новиот предлог-концепт на ЗЕЛС за унапредување на системот на локалната власт во земјава, што е утврден во три насоки: фискалната децентрализација; проширувањето на надлежностите на ЕЛС и промените во организацијата на локалната власт. Делегатите беа информирани за резултатите од активностите на работната група во изминатите пет месеци. Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство прифатило на локално ниво да префрли дел од своите надлежностите, како што е правото на управување со земјоделското земјиште, шумите и пасиштата, при што нуди и свои дополнителни предлози. Во областа на културата, направени се анализи за префрлање на повеќе национални културни установи во надлежност на општините. Во однос на барањето за создавање на општинска комунална полиција, Министерството за внатрешни работи има изнесено одредени забелешки „за" и „против", а слични се ставовите и по барањето за пренесување на дел од управните работи на МВР и Управата за водење на матични книги. Беше посочено дека општините најмногу се залагаат за преземање на надлежности од центрите за социјална работа, но дека Министерството за труд и социјална политика бара првенствено да „заживее" имплементирањето на новиот Закон за социјална заштита, па потоа да се пристапи кон префрлање на одредени надлежности.

Во делот на фискалната децентрализација предлозите на ЗЕЛС се во насока на зголемување

на зафаќањето од ДДВ од сегашните 4,5% на 10%, во полза на општините и зафаќањето од сегашните 3% на 50% од персоналниот данок на доход. Потоа, дел од приходите од Законот за игри на среќа и забавни автомати да биде приход на единиците на локалната власт (ЕЛС); стапката на данок на имот општините етапно да ја зголемуваат; да се интегрираат капиталните дотации во една. Предложено е да се воспостави систем за финансиско воедначување за помош на ЕЛС со недоволно финансиски и даночни потенцијали; овозможување на подобар пристап за задолжување на општините на домашниот и меѓународниот пазар на капитал; основање на Фонд за локален развој и друго.

Третата област се однесува на промените во организацијата на локалната власт, каде треба да се разгледаат можностите за напуштање на монотипниот вид на ЕЛС и востановување на политипен вид на ЕЛС, со различни надлежности (изборни и задолжителни) во зависност од големината, економската моќ и изградените потенцијали на општината; потоа преиспитување на правниот статус на урбаните и на месните заедници и нивните надлежности што веќе се дискутира во текот на преговорите во работната група. Во оваа област влегува и иницијативата за избегнување на паралелните надлежности на Град Скопје и општините во него, промени во составот на Советот на општината и слично. За овој дел потребна е поопсежна анализа и дискусија.

На седницата беа изнесени и одредени самокритични оценки во поглед на управувањето на локалните власти со децентрализираните надлежности. Има низок степен на собирање на сопствените приходи, особено за данокот на имот во некои општини, што е понизок и од 20%, па и помалку. Беа посочени и општините кои сè уште не управуваат со државното градежно неизградено земјиште, како и ниската посветеност на општините на разгледувањето и доставувањето на нивните ставови по предлог-закони или законски измени





што ЗЕЛС ги доставува на мислење до сите општини. На седницата беа упатени и остри забелешки до централната власт за непочитување на обврската за задолжително доставување на сите предлог-законски решенија до ЗЕЛС, а кои имаат допирни точки со извршувањето на надлежностите на локалната власт.

## УПРАВЕН ОДБОР НА ЗЕЛС

***Во текот на 2019 година Управниот одбор на ЗЕЛС одржа пет седници. Ова тело, како еден од четирите органи на ЗЕЛС, има 22 члена чии мандати се во траење од 4 години. Членови се градоначалници, како и тројца советници кои се избираат од редот на членовите на Комитетот на Советите, од кои само еден е со право на глас. Претседателот на Надзорниот одбор на ЗЕЛС може да присуствува на седниците на Управниот одбор на ЗЕЛС, без право на глас.***

### Осма седница на Управниот одбор на ЗЕЛС *(26 февруари, 2019 година, Скопје)*

Управниот одбор на ЗЕЛС на осмата седница посвети поголемо внимание на доставената нацрт-верзија на Предлог-законот за утврдување на правниот статус на бесправно изградените објекти од страна на Министерството за транспорт и врски (МТВ). Во дискусијата на членовите на



УО преовладуваше ставот дека треба да се стави крај на досегашниот дискриминаторски однос кон граѓаните кои ги почитуваат законските прописи и процедури при градењето на објекти, наспроти „наградувањето" на оние кои градат нелегално и притоа плаќаат по само едно евро за метар квадратен. Беше истакнато дека досегашната практика на имплементирање на ваквите законски решенија предизвика низа сериозни предизвици за локалната власт при обезбедувањето на инфраструктурни потреби, а забележани се и низа злоупотреби на теренот. Членовите на УО реагираа дека во самото подготвување на предлог-законските мерки е изоставено вклучување на претставници од ЗЕЛС. Беше предложено да се формира работна група во рамките на МТВ во која ќе учествуваат пет претставници од ЗЕЛС, кои беа избрани на седницата. Да се изготви решение во најбрз можен период во насока на вклопување на овие објекти онаму каде тоа го дозволува урбанистичката планска документација и за кои ќе треба да се платат редовно предвидените комуналии, но истовремено и дополнителни „пенали", како казна дека се постапувало нелегално. Работната група треба да утврди дали оваа материја ќе се регулира со посебен закон или утврдените законски решенија ќе бидат утврдени во некоја од постојните законски регулативи, како што е Законот за градење.

На седницата, членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС ги усвоија барањата за склучување на меморандуми за соработка, што беа пристигнати од страна на Здружението на даватели на комунални услуги (АДКОМ); Авто Мото Сојузот на Македонија, Скопје за реализација на проектот „Безбедни семејни паркинг зони" и од Сојузот на стопански комори на Македонија (ССКМ). На дневен ред беше поставено и барањето на ССКМ околу Законот за трговија на зелени пазари, за што беше утврдено дека се поддржува процесот на усогласување на ставовите по ова прашање што се води помеѓу Стопанската комора на Македонија, организаторите на пазарите и Комората на трговци.

Управниот одбор на ЗЕЛС донесе заклучок за иницирање на измени на членот 102 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Ова прашање го покренаа општините: Кочани и Куманово, посочувајќи дека со овој член од Законот се забранува да се предвидуваат средства за информирање и запознавање на јавноста со своите услуги или активности преку радиодифузери. Тоа е спротивно на член 8 од Законот за локална самоуправа, каде е предвидено дека законска обврска на локалната власт е да ја информира јавноста.

Управниот одбор на ЗЕЛС на седницата донесе препорака до своите членки да постапат во согласност со наводите во информацијата од Владата на Република Северна Македонија за постапување во согласност со измените на Уставот, за името на државата, а го задолжи и извршниот директор на ЗЕЛС да ги реализира измените и во својата документација.

### Деветта седница на Управниот одбор на ЗЕЛС *(22 мај, 2019 година, во ЗЕЛС)*

Управниот одбор на ЗЕЛС на деветтата седница ги усвои Финансискиот и Акцискиот извештај на ЗЕЛС



за претходната година. Присутните ја нагласија потребата за заедничка средба на Управниот одбор на ЗЕЛС со Владата на РСМ на која ќе се дискутира за креирањето на финансиските зафаќања за општините од буџетот на Владата, како и за други предизвици на локалните власти.
На седницата беше заклучено градоначалниците на општините: Дебар, Ново Село и Охрид, избрани на предвремените локални избори, да продолжат да членуваат во комисиите и делегациите што ги утврдува ЗЕЛС, на местата каде биле назначени нивните претходници, а конечна одлука треба да донесе Генералното собрание на ЗЕЛС.

На седницата беше образложен „Предлог -проектот за енергетска ефикасност во областа на јавното осветлување во земјава" од страна на советник на претседателот на Владата на РСМ, кој посочи дека нашата земја има преземено обврски во чекорите кон интегрирањето во ЕУ да ја зголеми енергетската ефикасност и да обезбеди заштеда на електричната енергија во сите сектори на потрошувачката на енергија. Управниот одбор на ЗЕЛС го прифати предлогот и донесе заклучок да и предложи на Владата на РСМ, во најкраток можен рок да формира оперативно тело во кое ќе се вклучат претставници на ЗЕЛС.

На седницата беше поканет претставник од Бордот на директори на АД „ЕВН", во насока на унапредување на взаемната соработка. Беше посочено дека локалните власти инсистираат на запазување на стандардите, дислокација на постојните мрежи и спуштање на инсталациите под земја. Исто така, општините укажаа на нискиот и нерамномерен степен на инвестиции во мрежата, од страна на ЕВН, наспроти загубите на општините при ослободувањето на атрактивно градежно земјиште за потребите на оваа компанија. Како проблем беше посочено и недоставувањето на податоци до општините за локациите на инсталациите на АД „ЕВН", што е исклучително важно при изработката на урбанистичките планови, а се дискутираше и за долгогодишниот предизвик со кој се соочуваат локалните власти, поврзан со условите за нови приклучоци. Заклучено беше да се формира работна група, што ќе ја предводи градоначалникот на Општина Куманово.
Претседателот на Мрежата за ТППЕ при ЗЕЛС, Владимир Симоновски и командант на Противпожарната бригада на Град Скопје, ги изнесе ставовите што се донесени од членовите на Мрежата на ТППЕ при ЗЕЛС, а кои се однесуваат за актуелните состојби во областа на противпожарната заштита во локалната самоуправа. Управниот одбор побара да се отвори дијалог со вработените во противпожарните единици за разгледување на можностите за повлекување на тужбените барања на пожарникарите, чие исплаќање уште повеќе влијае на и онака лошото финансирање на противпожарната заштита. Беше констатирана потребата за остварување на заедничка средба со претседателот на Владата и ресорните министри, со цел надминување на невоедначеноста на висината на блок дотациите, наспроти обврските на општините поврзани со оперативното функционирање на противпожарните единици. Беше утврдено да се побара од Дирекцијата за заштита и спасување да утврди список на опремата која ја поседува, а потоа во заедничка работна група да се утврдат правилата и начинот на континуирано исполнување на законската обврска на Дирекцијата во доставување на опремата до општинските противпожарни единици.

## Десетта седница на Управниот одбор на ЗЕЛС *(22 јуни, 2019 година, во Струга)*

Управниот одбор на ЗЕЛС на десеттата седница го покани претседателот на Владата на РСМ, Зоран Заев, кој дојде заедно со советници од неговиот Кабинет. На средбата беше договорено локалната и централната власт да работат на обезбедување на нов бран во стратегиски развој на децентрализацијата на локалната власт, што предвидува обезбедување на поголема финансиска стабилност на единиците на локалната власт и фазно пренесување на надлежности од централно на локално ниво, во областите каде ќе биде оценето дека е тоа можно и потребно, а што би започнал од 1 јануари, 2020 година. Владата посочи неколку области за кои има позитивно расположение да бидат пренесени како надлежност на општините, а тоа се: управувањето со земјоделското земјиште, управувањето со шумите, пасиштата, водостопанствата, институции од областа на културата, установите од областа на социјалната заштита и надлежноста за распределба на средствата на граѓаните кои се стекнале со вакво право. Во таа насока, беше договорено да се формира мала оперативна група со претставници од двете страни, кои до крајот на месец јули ќе работат на темите за промени во процесот на децентрализацијата, со цел преземање на понатамошни законски измени за обезбедување на нивна објективна реализација. Барањата на локалните власти ги изнесе претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, кои се всушност ревидираните систематизирани ставови на ЗЕЛС од повеќе области. Преовладуваше атмосферата на подготвеност на општините за зафаќање со



нови надлежности, доколку се создадат адекватни законски услови за нивно непречено спроведување. Стана збор и за можностите за промени во организацијата на локалната самоуправа; за рамномерниот регионален развој; за префрлање на блок дотациите во една заедничка дотација, со цел поголема самостојност на локалните власти со нивното менаџирање; за долговите на јавните претпријатија; за обезбедување на мотивирачки фактор за оние локални власти кои успешно ги собираат своите приходи, како и искористување на компаративните предности што ги има секоја општина во сопствена полза. Беше посочено дека ставот на ЗЕЛС е првенствено обезбедување на финансиска стабилизација, па потоа префрлање на нови надлежности. Премиерот беше децидeн дека Владата е подготвена да пренесе нови надлежности од централно на локално ниво, но дека затоа е потребно и секоја локална власт да ги јакне сопствените административни капацитети, што ќе можат ефикасно да го понесат „товарот" на сите промени. Тој посочи дека локалните власти истовремено треба да се оспособуваат за поголемо искористување на европските фондови.

Пред премиерот беа изнесени и други предизвици со кои се соочуваат општините и тоа во делот на противпожарната заштита; на процесот на легализација на дивоградбите; итната потреба за законски измени во насока на скратување на роковите за донесување на планска документација; поддршката на руралните општини; предизвиците околу распределбата на капиталните инвестиции; недостатокот на професионални кадри во општинската администрација (урбанисти, архитекти, информатичари) и слично. Шилегов ја потенцираше и потребата локалните власти да се пофокусирани на собирањето на сопствените приходи.

## Единаесетта седница на Управниот одбор на ЗЕЛС *(11 јули, 2019 година, во ЗЕЛС)*

На единаесеттата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС присуствуваше новиот министер за локална самоуправа на РСМ, Горан Милевски, кој информираше за подготвеноста на Владата за натамошно развивање на процесот на децентрализацијата, при што изнесе и одредени предлози каде може да се дејствува за подобрување на повеќегодишните стагнирани состојби во локалната власт. Присутните повторно го изнесоа ставот за потребата од првенствено финансиско стабилизирање на општините. Беше посочено дека локалните власти се свесни за претстојните крупни чекори кои подразбираат бројни законски измени, не само на системските закони, како што се Законот за локална самоуправа и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, туку и измени во најмалку 30-50 други закони, поврзани со промените што се предлагаат.

Членовите на УО истакнаа дека поставувањето на контурите на овој процес треба првенствено да го утврдат ЗЕЛС и МЛС, а потоа решенијата и заклучоците да бидат презентирани пред централната власт. За таа цел, беа избрани: претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, потпретседателот на ЗЕЛС, Висар Ганиу и градоначалникот на Општина Велес и претседател на Комисијата за финансирање при ЗЕЛС, Аце Коцевски, за членови на работната група која треба да го дефинира целокупниот пакет на промените. На седницата беа изнесени низа предлози и решенија во насока на обезбедување на пофункционални промени во локалната власт.

## Дванаесетта седница на Управниот одбор на ЗЕЛС *(6 ноември, 2019 година, во ЗЕЛС )*

Управниот одбор на ЗЕЛС, на дванаесеттата седница дискутираше за актуелните прашања, поврзани со спроведување на надлежностите на локалните власти и ги разгледа и усвои: Предлог-буџетот на ЗЕЛС, Планот за работа на ЗЕЛС и







Планот за јавни набавки за 2020 година.

На седницата беше прифатено повлекувањето од функцијата, член во делегацијата на ЗЕЛС при Советот на Европа, на Теута Арифи, градоначалничка на Општина Тетово и на ова место беше назначен Висар Ганиу, потпретседател на ЗЕЛС и градоначалник на Општина Чаир. Членовите на УО донесоа повеќе заклучоци на доставените барања од општините до ЗЕЛС. Меѓу нив беше иницијативата од Општина Куманово за изменување и дополнување на Законот за експропријација; потоа иницијативата од Општина Могила околу регулирање на статусот на месните заедници; барањето од АДКОМ за заедничка средба со Управниот одбор на ЗЕЛС и барањето на Сојузот на здруженија на пензионерите за потпишување на нов Меморандум за соработка.

Со барањето на Општина Куманово се потврди проблемот со кој се соочуваат повеќе општини, односно поради недостиг на уреденост со закон, во случаи кога заради реализација на јавен интерес преку градба на објекти за потребите на администрацијата на општината, не може да се спроведе постапка за експропријација врз изградени објекти или делови од објекти кои се наоѓаат на самата градежна парцела. Беше предложено ова прашање да го разгледа Комисијата за урбанизам и просторно планирање, а донесените заклучоците да се доставаат до општините и потоа повторно на разгледување на УО на ЗЕЛС. Во однос на прашањето за статусот на месните заедници, беше изнесено дека во рамките на работната група за децентрализација се разговара за моделот на идното функционирање на месната самоуправа.

На оваа седница беше утврден составот на Комисијата за подготовка на новиот стратегиски план на ЗЕЛС за 2021 -2026 година: Петре Шилегов, претседател на ЗЕЛС; Висар Ганиу, потпретседател на ЗЕЛС; Илија Јовановски, претседател на Надзорниот одбор на ЗЕЛС; Константин Георгиески, градоначалник на Охрид и член на Управниот одбор на ЗЕЛС. Присутните го утврдија и составот на лоби групата за родова еднаквост на жените и мажите, составена од градоначалнички, претседателки на совет и одреден број градоначалници. Целта на оваа лоби група е застапување на интересите на локалните родови политики пред централната власт. Поддршка од Управниот одбор на ЗЕЛС доби и Проектот за воведување на единствениот систем за масовно информирање и предупредување на граѓаните 112, поддржан од Европската Унија, што неодамна беше претставен пред Мрежата на ТППЕ при ЗЕЛС.

Работната група задолжена за утврдување на формално-правниот аспект и дефинирање на идните чекори во процесот на децентрализација, пред Управниот одбор го презентира предлог – документот и истиот беше прифатен.

Управниот одбор дискутираше и по барањето на градоначалникот на Општина Дебар, Хекуран Дука, изнесено на средбата на претседателите на советите од Полошкиот регион и Југозападниот регион за обезбедување на поддршка од централната власт за враќање на долговите што јавните претпријатија ги имаат кон државните установи, особено кон Фондот за здравство. Во дискусијата беше посочен концепт на донесување на посебен закон со кој ќе се отпишат каматите кон државните органи и институции, како што беше искуството во претходниот период. Дел од присутните нагласија дека на овој начин во нерамноправна положба се ставаат општините кои редовно ги сервисираат сопствените долгови, како и преземените долгови од јавните претпријатија. Беше заклучено, стручната служба на ЗЕЛС да побара информации од сите општини за вкупниот долг на нивните јавни претпријатија што го имаат кон државните органи, министерства, други институции и установи и долгот на општината, доколку го презела од јавните претпријатија, и истиот да се испрати до Владата на РСМ.

Присутните посветија внимание на разгледување на иницијативата од неколку помали општини од Пелагонискиот плански регион (Новаци, Могила, Крушево и Долнени)кои преземаат активности за одржување и расчистување на регионалните патишта, иако тоа не е во нивна надлежност. На иницијативата се приклучи и Општина Ранковце, која го потенцира и континуираното руинирање на регионалниот пат, кон српската граница што го предизвикуваат возилата на шумските стопанства чиј товар е над дозволената носивост. Управниот одбор ја прифати иницијативата на општините и заклучи за ова прашање ЗЕЛС да се обрати до Јавното претпријатие за државни патишта, со предлог општините да склучат договор за одржување на патиштата, каде ќе биде утврдено да им бидат префрлени финансиските средства што за оваа намена претпријатието ги добива во согласност со законот.

Управниот одбор дискутираше по информацијата околу донесувањето на нов Закон за постапување со бесправно изградени објекти. По поставувањето на оваа информација на системот- „е-Влада“, таа беше доставена до сите општини. По дискусијата беа донесени повеќе заклучоци, меѓу кои: со текстот на Предлог - законот задолжително да се пропише доказната постапка, а особено начинот на кој ќе се докажува периодот во кој е изграден бесправниот објект, односно да се пропише и користење на извадок од сателитска снимка, како веродостоен доказ. Снимката да биде обезбедена од страна на државен орган, установа или институција, а истата да биде ставена

на располагање на општините. Исто така, ЗЕЛС бара со новиот Предлог - закон да се предвидат алтернативни решенија заради дискусија по нив, пред донесување на одлука за конечно уредување на постапката на легализација на објекти кои се изградени на државно земјиште, објекти кои се наоѓаат на земјиште на кое е планирана изградба на објекти од јавен интерес или инфраструктурни објекти, како и легализација на објекти на земјиште кое не е опфатено со урбанистичко-планска документација од каков било вид. Ова од причина што општините во иднина би биле доведени во неповолна положба да плаќаат за експропријација на легализиран објект заради изграба на инфраструктура или градба на објекти од јавен интерес од локално значење, додека, пак, за категоријата на бесправни градби кои се наоѓаат на земјиште за кое не е донесена урбанистичко – планска документација, мора да се има предвид дека опфатот во општините за донесување на урбанистички планови е голем, дека се потребни големи финансиски средства и дека постапката на донесување често е долга. ЗЕЛС се согласува со предлогот за висок износ на надоместокот за легализација на бесправните градби и предлага тој да изнесува 150% од висината на актуелниот надоместок за уредување на градежното земјиште за соодветното подрачје. Исто така, беше посочена потребата да се организира работна средба (тркалезна маса) на која ќе се поканат општините и на која ќе се дискутираат предложените решенија пред да се почне со собраниска постапка на донесување на овој Закон.

Претставници од Владата на РСМ пред членовите на УО на ЗЕЛС ја претставија можноста за презентирање на општините на меѓународната саемска манифестација „ДУБАИ- ЕКСПО" што ќе се одржи од 20 октомври, 2020 до 10 април, 2021 година.

## НАДЗОРЕН ОДБОР НА ЗЕЛС

***Надзорниот одбор на ЗЕЛС во 2019 година одржа две седници. Ова тело е составено од шест члена кои имаат мандат од четири години. Надзорниот одбор го контролира извршувањето на одлуките на Генералното собрание и на Управниот одбор на ЗЕЛС; ја контролира законитоста и статутарноста на одлуките што ги донесуваат овие два органа; го контролира финансиското работење и управувањето со имотот на Здружението; по потреба спроведува ревизија на финансиското работење.***

### Четврта седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС *(23 јуни, 2019 година, во Струга )*

Надзорниот одбор на ЗЕЛС на четвртата седница ги разгледа и ги усвои: Извештајот за работа и Финансискиот извештај на ЗЕЛС за 2018 година. Членовите на Надзорниот одбор ја разгледаа структурата на приходите и на расходите на ЗЕЛС, како и начинот на нивната реализација во текот на 2018 година. Тие изразија задоволство од резултатите од наплатата на членарината од општините која по овој основ обезбеди приходи зголемени за 76,5%, во однос на претходната година. Надозорниот одбор упати апел до општините да продолжат со навремено плаќање на оваа обврска и во иднина да не дозволат таложење на долг по овој основ.



### Петта седница на Надзорниот одбор на ЗЕЛС *(5 декември, 2019 година, во ЗЕЛС)*

Надзорниот одбор на петтата седница ги усвои: Предлог–буџетот на ЗЕЛС за 2020 година и Предлог-акцискиот план за 2020 година. Во дискусијата беше посочено дека во 2019 година наплатата на старите долгови од членарината е значително зголемена. Редовната наплата на членарината за 2019 година е реализирана во висина од околу 50% од предвидените средства. Најголемиот процент од средствата со кои располага ЗЕЛС доаѓаат по овој основ, а мал дел од соработката што ја има ЗЕЛС со донаторските организации во земјава, за спроведување на одредени активности за локалните власти.

Во делот на расходната страна, значителна ставка се однесува на потребата за непречено одржување на функционирањето на информациските системи; набавка на нов лифт за административната зграда на ЗЕЛС; за лобирање; за јакнење на капацитетите на општинската администрација преку ЗЕЛС тренинг центарот и други активности. За следната година, предвидени се и активности за креирање на нов Стратегиски план на ЗЕЛС за периодот 2021-2026 година.



## КОМИТЕТ НА СОВЕТИТЕ ПРИ ЗЕЛС

***Комитетот на советите при ЗЕЛС во 2019 година одржа една седница во просториите на ЗЕЛС, а во периодот септември - октомври беа реализирани шест регионални работилници со претседателите на општинските совети. Комитетот на советите при ЗЕЛС е составен од 9 члена: по еден претставник од осумте плански региони во РСМ и еден член од Советот на Град Скопје. Комитетот на советите ја афирмира улогата на Советот на општината; ја следи проблематиката од функционирањето на Советот; ја поттикнува иницијативноста на советите и дава насоки за утврдување на нивната работа; ја поттикнува регионалната соработка; доставува предлози до телата на ЗЕЛС; иницира утврдување на потреба за организирање на семинари, тематски средби и други форми на едукација на советниците и друго....***

### Трета седница на Комитетот на советите *(4 јули, 2019 година, ЗЕЛС)*

Членовите на Комитетот на советите при ЗЕЛС на третата седница беа информирани за препораките и заклучоците од телата и органите на Заедницата за преземање на активности за продолжување на процесот на децентрализација на власта. Посебен акцент присутните ставија и на разгледување на иницијатива на Управниот одбор на ЗЕЛС, прифатена и од Генералното собрание за зголемување на стапката на данок на имот. Членовите на Комитетот беа информирани дека на дописот што ЗЕЛС го испрати до сите градоначалници повеќето од одговорите се во насока на прифаќање на овој предлог. И членовите на Комитетот дадоа начелна поддршка, но беше нагласена потребата од спроведување на соодветна кампања за информирање на граѓаните за полезноста на ваквиот чекор. Исто така, нагласено беше дека сите општини треба да се посветат на максимална реализација на наплата на данокот на имот, на утврдување на реална база на објектите и на репорценка на даночната основица.

Присутните позитивно се изјаснија и во однос на иницијативата на ЗЕЛС за зголемување на висината на комуналиите за „легализација" на објектите. Тие нагласија дека не смее да се дозволи да се продолжи со бесправното градење. Сепак, присутните укажаа дека треба добро да се размисли како ќе се постапува со објекти кои биле изградени надвор од градежен опфат, каде подолг период општината не донела урбанистички план или друг плански документ; како ќе се постапува со објекти кои имаат помошна улога во земјоделството; со објектите кои припаѓаат на лица кои се приматели на социјална помош и слично. На седницата беше нагласена и обврската на членовите на Комитетот за редовно информирање на останатите претседатели на советите на општините од својот плански регион за сите активностите и иницијативите на ЗЕЛС.



### Реализирани шест регионални работилници на претседателите на општинските совети

Во организација на ЗЕЛС, во периодот септември - октомври, 2019 година, членовите на Комитетот на региони реализира работилници, секој со претседателите на општинските совети од својот плански регион. Првата регионална работилница се одржа на 18 септември, 2019 година, во просториите на Советот на Општина Ресен, втората се одржа на 20 септември, 2019 година, во Советот на Општина Кавадарци,а на 25 септември, 2019 година, претседателите на советите работилница одржаа во Кочани. На 14 октомври, 2019 година, средба беше одржана во Општина Гази Баба, во Општина Дебар средбата се одржа на 16 октомври, 2019 година, а на 17 октомври, 2019 година, во Општина Крива Паланка. На овие шест работилници, присутните беа детално информирани за улогата и активностите на Комитетот на советите при ЗЕЛС и останатите органи на Заедницата. Поголемиот број од претседателите на советите изразија позитивно мислење за можностите за реализација на двете иницијативи на ЗЕЛС, но ја нагласија и потребата за поддршка на советите при нивната реализација. На состаноците преовладуваше













иницијативата за јакнење на улогата на Советот и на советниците. Дел од советниците се залагаа за професионализација на улогата на претседателот на Советот, но некаде беше посочен и концептот за волонтерски ангажман на претседателот и советниците. Беше реафирмирана иницијативата за обезбедување на најмалку едно лице од штипската администрација за поддршка на претседателот на Советот и на советниците, а се говореше и за потребата од поголема соработка на Советот со градоначалникот. Присутните истакнаа дека Советот треба да располага со одреден буџет за да може да спроведува соодветни активности и да му биде овозможена поголема комуникација со граѓаните. На состаноците беше нагласена потребата за почесто организирање на регионални средби на советниците.

Советниците отворија дискусија и за други прашања кои претставуваат актуелни предизвици со кои се соочуваат локалните власти, меѓу кои; прашањето за долговите на јавните претпријатија и исплатата на здравственото осигурување на овие вработени; предизвикот со кучињата скитници; зголемената миграција на населението во одредени региони; проблемите со легализацијата на нелегално изградените објекти; спроведување на законската регулатива за обезбедување на задолжителен бесплатен превоз на учениците од основните училишта од планински недостапни дестинации, до кои нема асфалтен пат, ниту автобуска постојка, како и за потребата локалната власт да добие надлежност за доделувањето на концесии за експлоатација на термоминерални води. На состаноците беа посочени и предизвиците при имплементирањето на законските одредби околу вработувањето на инвалидни лица, Законот за води, обезбедувањето на планска документација и слично.

## КОМИСИИ ВО ЗЕЛС

***На почетокот на 2019 година конститутивна седница одржаа седум комисии, а Комисијата за финансирање беше конституирана во изминатиот период. Комисиите се составени исклучиво од градоначалници и ги опфаќаат областите кои се во надлежност на општините. За секоја комисија има одговорен координатор од стручната служба на ЗЕЛС. Работењето на комисиите се одвива на седници, но и по електронски пат.***

**Комисијата за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС** одржа седница на 19 март, 2019 година на која за нејзин претседател беше избран Саша Богдановиќ, градоначалник на Општина Центар. Пред членовите на комисијата беше изнесен кус пресек на законската регулатива во овие области. Присутните беа информирани дека нема напредок во реализацијата на воспоставување на интегрирано регионално управување со отпадот, поради што минатата година општините времено и ги отстапија обврските на Владата на РСМ, во делот на депонирањето на отпад. Стана збор и за драстичното зголемување на нивото на загаденоста на воздухот во повеќе градови. Присутните посочија дека генерално треба да се работи на зголемување на свеста кај граѓаните, но и кај претставниците од стопанството, за почитување на законските прописи и одржување на чиста животна средина. Се дискутираше и за спроведувањето на регулативата за водите и активностите што ЕЛС и јавните комунални претпријатија ги реализираат за спроведување на новата законска обврска за утврдување на цената на водните услуги.



**Комисијата за образование** во 2019 година одржа две седници. На 20 март, 2019 година, на конститутивната седница за претседател на Комисијата беше избрана градоначалничката на Општина Битола, Наташа Петровска. Присутните ги разгледаат систематизираните ставови на ЗЕЛС во оваа област, при што посочија и на други актуелни предизвици на локалната власт. Беше нагласена потребата од МОН да направи сериозна ревизија на досегашниот процес на одвивање на инклузивното образование, бидејќи се реализира со огромни тешкотии и да понуди нови системски решенија. Градоначалниците укажаа на потребата од дефектолози во училиштата, но и на логопеди, особено во руралните средини поради зачестената појава на одредени пречки



во говорот кај децата. Се дискутираше и за укажувањата на МОН за постојаното намалување на бројот на учениците и зголемувањето на бројот на наставници, односно за потребата од спроведување на рационализација на училишната мрежа. Присутните посочија дека во услови на масовна емиграција преземањето на вакви чекори е само дополнителна причина за натамошно иселување од средините каде има училишта со мал број деца, а беше посочено дека во одредени општини кои изработиле и предложиле ваква рационализација, истата била силно нападната и одбиена од страна на Советот на општината. Оваа тема го отвори и прашањето за креирањето на уписните политики во средното образование, според потребите на локалниот или регионалниот пазар на труд.

Втората седница на Комисијата за образование беше одржана на 26 јули, 2019 година, на која беа разгледувани измените на Предлог - законот за основно образование и Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, кои беа во втора фаза на читање во собраниска процедура. Беше констатирано дека овие предлози не се доставени на разгледување до ЗЕЛС, ниту, пак, ЗЕЛС е поканет да учествува во самиот процес на законските промени, со што е нарушен еден од најзначајните взаемно утврдени принципи за соработка меѓу централната и локалната власт. Присутните забележаа дека со одредени законски измени се централизираат надлежностите, наместо да се децентрализираат, а за пример беа посочени: делот на измените на постапката за изборот на директор на основното училиште (член 114); на составот на органот на управување на основно училиште; трансформацијата на работниот однос на воспитувачот (член 88), како и за одредбите кои се однесуваат на училишните спортски клубови (член 43). Присутните дискутираа и за одредбите при засновањето на работниот однос на неопределено или на определено време, што е поврзано со условот кандидатот да има положен стручен испит, како и за потребата од воведување на стандардизиран пристап во организирањето и спроведувањето на училишните натпревари.




**Комисијата за култура** одржа седница на 21 март, 2019 година, каде градоначалничката на Општина Македонска Каменица, Соња Стаменкова, беше избрана за претседател на Комисијата. На овој состанок, присутните градоначалници фокусот го ставија на започнатите процеси за продлабочување на децентрализацијата во оваа област. Пред присутните беше презентирана анализата од „Анкетата за интерес на ЕЛС за натамошна децентрализација на дел од националните установи на локално ниво". Од понудените 62 национални установи од областа на културата, лоцирани во повеќе општини во земјава, помалку од половина, или 30 општини, покажале интерес да ги преземат на локално ниво. Биле посочени многу предизвици во оваа област: недостаток на финансиски средства во блок дотациите; недобивање на дозвола за вработување; недостаток на стручен и административен кадар; нефункционални и руинирани стари објекти и слично. Локалните власти се согласуваат за префрлање на надлежности во оваа област, но само со префрлање на соодветни средства за квалитетно спроведување на надлежноста.



**Комисијата за локален економски развој** одржа седница на 25 март, 2019 година, на која за претседател беше избран Борјанчо Мицевски, градоначалник на Општина Крива Паланка. Присутните изнесоа забелешки по однос на: Законот за такса за привремен престој, Законот за угостителска дејност и Законот за туристичка дејност. Беше изнесено барањето на Општина Гевгелија за иницирање на измени во Правилникот за категоризација на објекти на физички лица кои вршат услуги за сместување, како и воведување на електронски систем за пријавување на гости. Од присутните беше посочен словенечкиот модел како добра практика за пресметка на такса за привремен престој (ТПП) преку плаќање на паушален износ на годишно ниво, при што приходите од таксата да бидат 100% приход на општината. На состанокот повторно беше реафирмирана иницијативата за основање на гарантен фонд за финансиска поддршка на руралните општини, што е особено важно за големи капитални проекти и при аплицирањето за проекти од ИПА програмите и другите европски фондови. Членовите на Комисијата беа запознаени и со Програмата за сертификација на општини со

поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа (БФЦ ЈИЕ).
Втората седница Комисијата ја одржа на 28 мај, 2019 година, на која беа разгледувани пристигнатите забелешки и предлози од општините за законската регулатива од областа на туризмот. Најголемиот дел од нив се однесуваа на потребата за измена на Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност и на постапката за категоризација на куќи, станови и соби за издавање од физички лица и селски домаќинства за вршење на угостителски услуги и водење на регистар за категоризирани угостителски објекти. Беа изнесени и предлози околу: регулирањето на работното време на локалите кои се наоѓаат во одредени зони од градовите што се атрактивни за посетителите и во доцните часови; прашања поврзани со подвижните објекти (урбаната опрема, која се поставува во парковите и на плоштадите) и потребата од регулирање на реиздавањето на станови на физички лица, за туристичка намена. Беше нагласена и потребата за поврзување на сите релевантни чинители во процесот на пријавување на привремен престој на гостите (МВР, УЈП, општината, туристичките инспектори и издавачите на станови) преку електронски систем. За висината на туристичката такса одлука да донесува секој совет посебно. Општините ги изнесоа предизвиците со сивата економија во оваа област и ја нагласија потребата инспекторите да можат да водат постапки не само со регистрираните, туку и со нерегистрираните физички лица кои вршат туристичка дејност.

**Комисијата за рурален развој** на 25 март, 2019 година одржа конститутивна седница, на која за претседател беше избран Благој Илиев, градоначалник на Општина Конче. Присутните ги разгледаа актуелните состојби во оваа област, а беа информирани дека мал број на општини доставиле писмени дописи за своите согледувања за причините за запирањето и незавршувањето на проекти што се финансираат од Националната програма за рурален развој до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ). Комисијата за рурален развој донесе повеќе заклучоци, меѓу кои: да се прифатат сите досега утврдени заклучоци, донесени во март, 2018 година на состанок на сите рурални општини; да се организираат тематски заедднички состаноци со претставници од надлежните институции за надминување на предизвиците при донесувањето на урбанистички планови;да се формираа работна група, во која учество ќе земат, покрај претставници од ЗЕЛС и претставници од сите институции пред кои е воочен застој при донесувањето на урбанистичките планови; да се испрати барање до Министерството за финансии и до МЗШВ општините редовно да добиваат увид во издаденото земјиште под закуп на територијата на конкретна општина, увид во целокупните средствата кои се добиени по овој основ, како и увид во средствата кои е потребно општината да ги добие; да се разгледаат сите можности за развивање на мерки за стимулирање на неразвиените општини со дополнителна финансиска помош на годишно ниво; да се утврдат мерки за спречување на иселувањето од руралните средини.

**Комисијата за енергетика** одржа седница на 26 март, 2019 година и за претседател го избра градоначалникот на Општина Гостивар, Арбен Таравари. Присутните констатираа дека секторот енергетика е од огромно значење за општините и дека треба да му се посвети поголемо внимание. Беше посочено дека општините треба да се вклучат со адекватни коментари за Законот за енергетика, како и Законот за енергетска ефикасност чии измени се во тек. Фокусот на Комисијата треба да биде насочен кон состојбите со гасификацијата во земјава, особено во делот на обезбедувањето на секундарната мрежа, како и во областа на обновливите извори на енергија. Станува збор за големи инвестиции, што се







огромен предизвик за локалните власти, па во таа насока треба да се размислува за поддршка од централната власт, од Светска банка или други форми на јавно –приватно партнерство или субвенции. Беше предложено Управниот одбор на ЗЕЛС до надлежните институции да иницира олеснување на постапките и процедурите при изработка на урбанистичките планови кои се однесуваат на потребите од обновливи извори на енергија. Исто така, беше изнесена потребата општините да изградат унифициран став околу наплатата на комуналиите за оваа намена. Членовите на Комисијата посочија и на потребата од посериозна дискусија и околу преземањето на произведена струја од обновливите извори на енергија во електроенергетскиот систем на МЕПСО.

**Комисијата за урбанизам и просторно планирање** на 28 март ја одржа конститутивната седница на која за претседател беше избран Благој Бочварски, градоначалник на Општина Штип. Присутните дискутираа за долгиот временски период на донесување на урбанистичките планови поради непочитувањето на роковите од страна на институциите надлежни за давање на мислење. Беше нагласено дека бавното усвојување на урбанистичките планови е дополнителна причина за градењето на бесправни објекти. Се дискутираше за рестриктивните одредби за начинот на градење во заштитените подрачја, каде беа изнесени предизвиците со кои се соочува Општина Струга, а беше нагласен и недостатокот на градежни инспектори во локалната власт. Присутните дискутираа и за новиот Предлог-закон за просторно и урбанистичко планирање кој е во собраниска процедура. Предложената законска можност за основање на јавна установа за урбанизам која ќе ги врши работите од областа на урбанистичкото планирање, присутните членови на Комисијата предложија да ја имаат општините со над 60.000 жители, или, пак, најголемата општина во планскиот регион да ја врши оваа надлежност за сите општини од регионот. Присутните беа информирани дека треба повторно да се иницира до надлежните институции прашањето за ажурирањето на геодетските подлоги да не биде на товар на донесувачот на планот, како што е регулирано со постојните законски одредби.

Втората седница Комисијата ја одржа на 12 април, 2019 година, на која се дискутираше околу одредени одредби од Предлог–законот за просторно и урбанистичко планирање, што е во собраниска постапка. Позитивно е што со новите законски решенија се создаваат услови за побрзо спроведување на постапката за донесување на урбанистички планови. Забелешки беа изнесени за одредбите за Јавната установа за урбанизам од страна на ЕЛС, како и за предвидениот број на професионални лица вработени во нив. Беа посочени и предизвиците со ДУП-те кои ги надминуваат параметрите (во скопските општини) кои се зададени во Генералниот урбанистички план. Забелешките во сублимирана форма беа испратени до МТВ, со цел овозможување на амандманска расправа по нив.

На 6 јуни, 2019 година Комисијата за урбанизам и просторно планирање ја одржа *третата седница* на која беше разгледан текстот на Предлог–амандманите за изменување на текстот на Предлог – законот за урбанистичко планирање кој е во собраниска процедура на усвојување, а по кој е закажана и јавна расправа од собраниската матичната комисија. Комисијата го разгледа и текстот на Нацрт – законот за градење, како и Правилникот за категоризација на градбите. Беше посочено дека се излегува во пресрет на барањето на општините да не плаќаат надомест за користење на податоците за катастарските подлоги, заради планирање на просторот, но само при изработување на планот со неговото донесување, додека секоја понатамошна измена ќе биде финансирана како и досега. Комисијата беше запознаена со главните карактеристики и опфатот на текстот на Законот за градење, со обврска за идно дополнително активно вклучување во неговото понатамошно разработување. Претседателот на оваа комисија активно ќе се вклучи во јавните расправи организирани по двата закона во Собранието.



**Комисијата за финансирање** при ЗЕЛС на 16 мај, 2019 година ја одржа третата седница на која Светка банка ги презентираше наодите од анализите за финансиската одржливост на општините; за инвестиции во општините;



администрирање на даноците; блок дотации; заостанати долгови на општините; успешност на работењето на комуналните претпријатија во локалната власт, како и некои состојби во противпожарната заштита. Присутните членови посочија дека изнесените податоци генерално кореспондираат со реалните состојби во локалната власт, но дел од нив треба да се разгледуваат во една поширока констелација на општествено - политичките состојби во земјава. Беше нагласено дека општините имаат хроничен недостаток на финансиски средства за спроведување на квалитетни услуги, особено ако се земе предвид процентот што го добиваат општините од вкупниот колач од јавните приходи од БДП во земјава. Нагласена беше огромната потреба од капитални инвестиции за ЕЛС, за што овие средства треба да се интегрираат во еден систем и да се утврдат јасни правила и критериуми на нивна распределба.
Во однос на заостанатите долгови на општините, присутните посочија дека и самите локални власти треба да бидат самокритични. Стана збор и за потребата од рационализација на училишната мрежа, потоа потребата од рационализација на бројот на вработени во ЈКП основани од општините, како и прибегнувањето кон нивна приватизација или јавно-приватно партнерство.

## ПРОФЕСИОНАЛНИ МРЕЖИ ВО ЗЕЛС

***Во рамките на ЗЕЛС формирани се 15 професионални мрежи кои се составени од претставници од администрацијата на општините кои извршуваат истородна надлежност во локалната власт. За секоја комисија има одговорен координатор од стручната служба на ЗЕЛС, а работењето се одвива на седници или по електронски пат. Во 2109 година активностите на мрежите повеќе беа фокусирани на работилници и обуки, на кои беа разгледувани значајни прашања поврзани со подобрувањето на капацитетите на администрацијата за извршувањето на надлежностите или беа насочени кон соодветна имплементација на законските решенија.***

**Мрежата на територијални противпожарни единици (ТППЕ)** во текот на 2019 година одржа повеќе средби на кои беа разгледувани актуелните предизвици во областа на противпожарната заштита, што е во надлежност на локалната власт. Се дискутираше за прашањето за усогласување на звањата на вработените во противпожарните единици, во согласност со Законот за вработени во јавниот сектор, со кој се утврдува статус на службено лице. Беше нагласена потребата за обезбедување на соодветен број на вработени во одредени општини, во согласност со стандардот утврден со Законот за пожарникарство. Општините кои не можат да издвојат сопствени средства имаат намален број на пожарникари, поради укинувањето на соодветниот износ од блок дотацијата за лицето кое заминало во пензија. Беше нагласено дека е неминовна потребата од зголемување на износот на средства наменети за противпожарна заштита врз основа на законот. Нагласен беше и трендот на недостаток на млад кадар во противпожарните единици и недостатокот на стручно–техничка насока во образовниот систем, со степен на образование:пожарникар - техничар. Беше посочено дека нема стандарди за утврдување на способноста на кандидатите за вработување во постапката на вработување на нови пожарникари (стандард на психофизичка и здравствена проверка на способноста). Нагласена беше и потребата од воспоставување на тренинг центар за тековна обука и унапредување на способностите на пожарникарите. Стана збор и за прашањето за неусогласениот начин на исплата на платите и другите надоместоци на пожарникарите. Нагласена беше и лошата состојба во ТППЕ, во однос на опремата и возилата, кои генерално се застарени. Притоа, беше посочено дека нема утврдени стандарди за набавка на опрема, униформи, заштитна опрема, но, исто така, дека недостасуваат и пропишани стандарди на овластена установа за стандардизирана проверка на опремата. Како предизвик беше изнесена и недоволната соработка со Дирекција за заштита и спасување, особено потребата од поголема транспарентност при распределбата на средствата од страна на ДЗС. Нагласена беше и состојбата на преклопување на надлежностите на ЦУК и ДЗС, заради што се предлага реорганизација на системот на противпожарна заштита, за обезбедување на поголема координираност на институциите, воспоставување на единствен информативен центар и центар за прием на повици за полиција, прва помош и пожар. Беше посочено дека за ангажирањата за извлекување и спасување од сообраќајни незгоди и при елементарни незгоди, потребна е дополнителна опрема, обука и стручни знаења на пожарникарите, а се говореше и за доброволните противпожарни друштва.



# 3. ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР (ЗТЦ) И ЗЕЛС ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ (ЗЕПЕ)

## ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР ( ЗТЦ )

***ЗЕЛС тренинг центарот (ЗТЦ) е задолжен за континуирано усовршување и надградување на капацитетите на општинската администрација, што претставува една од стратегиските цели на Заедницата. ЗТЦ најадекватно и најбрзо се консултира преку членовите на професионалните мрежи во ЗЕЛС и општинските секретари и ги утврдува потребите за обуки на општинските службеници, при што изготвува Годишен план за обуки и го доставува до сите локални власти. Обуките се одржуваа во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, лоциран во административната зграда на ЗЕЛС.***

**А). Број на одржани обуки, работилници и конференции:**

***1. Спроведени во согласност со Планот за обуки на ЗЕЛС.***

Во согласност со Планот за обуки, во 2019 година се спроведени 13 тематски модули, од вкупно 19 тематски единици, што бележи реализација на Планот од 68,42%. Најмногу активности се евидентирани во проектните и сертифицираните обуки, а најголем број учесници се забележани во областа на животна средина и човечки ресурси. Од вкупниот број учесници, 51% присуствувале на обуките реализирани во согласност со годишниот План за обуки. Останатите 49% се однесуваат на бројот на учесници на ад-хок/дополнителни обуки спроведени во 2019 година.







ЗЕЛС тренинг центарот во 2019 година реализира обуки и советувања на кои беше опфатено 881 лице од општинската администрација и општинските совети. Реализирани се: 11 работилници, 18 обуки и една конференција. Обуките најчесто беа еднодневни или полудневни и се реализираа во согласност со Планот за обуки за 2019 година, во чија подготовка учествуваа и секретарите на општините. ЗТЦ реализира и дополнителни или/и ад хок активности за градење на капацитетите во локалната самоуправа.

***2. Дополнителни или/и ад хок активности за градење на капацитети***

-Презентација на проект за подобрување на социјални услуги, во соработка со УНДП и Министерство за локална самоуправа;
-Процес на идентификација на проекти за подобрување на локалната патна инфраструктура, во соработка со Светска банка;
-Во соработка со ГИЗ, ЗЕЛС организираше обуки и Конференција во рамките на проектот „Одржлива урбана мобилност во земјите на Југоисточна Европа (ЈИЕ)";
-Подобрување на социјални услуги, во соработка со Министерство за труд и социјална политика;
-Инспекциски надзор во животна средина во САД, во соработка со Амбасада на САД во Скопје;
-Примена на Законот за инспекциски надзор, во соработка со Инспекциски совет;
-Национален портал е-услуги, во соработка со Министерство за информатичко општество и администрација.

| Реализирани активности за градење капацитетите во 2019 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Тема | Целна група | Период/Место | Бр. на учесници | Вид на активност |
| 1 | Презентација на проект за подобрување на социјални услуги | Мрежа за урбанизам и вработени задолжени за социјални дејности | јануари, Скопје | 49 | Работилница |
| 2 | Подготовка на предлог- годишен план за обука | Секретари на ЕЛС | јануари, ЗТЦ Скопје | 35 | Работилница |
| 3 | Процес на идентификација на проекти за подобрување на локална патна инфраструктура | Градоначалници и претставници на општинска администрација | јануари | 27 | Работилница |
| 4 | Можности и предизвици во локален економски развој | Членови на совети на ЕЛС | април | 13 | Работилница |
| 5 | Изготвување Функционална анализа | Мрежа за човечки ресурси | мај, јуни | 68 | Обука |
| 6 | Стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост | Општинска администрација | јуни, ЗТЦ Скопје | 40 | Обука |
| 7 | Финансирање и Буџет | Членови на совети на ЕЛС | јуни, Скопје | 20 | Работилница |
| 8 | Одржлива урбана мобилност во земјите на Југоисточна Европа (ЈИЕ) | Мрежа за енергетска ефикасност | јули, август, септември | 116 | Обуки и Конференција |
| 9 | Стратегија за реформа на јавна администрација | Мрежа за човечки ресурси | септември, октомври | 44 | Работилница |
| 10 | Предизвици на локална самоуправа во средно стручно образование | Мрежа за образование | октомври | 20 | Обука |
| 11 | Подобрување на социјални услуги | Мрежа за ЛЕР и вработени задолжени за социјални дејности | октомври, ЗТЦ Скопје | 49 | Работилница |
| 12 | Зајакнување на општински капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање | Координатори за еднакви можности во ЕЛС | октомври, ЗТЦ Скопје | 27 | Работилница |
| 13 | Зајакнување на капацитети за родови политики и родово одговорно буџетирање | Градоначалници и претседатели на Совет | ноември, Струга | 21 | Обука |
| 14 | Закон за прекршоци применет во животна средина | Мрежа за животна средина | ноември, ЗТЦ Скопје | 47 | Обука |
| 15 | Инспекциски надзор во животна средина во САД | Мрежа за животна средина | ноември, ЗТЦ Скопје | 29 | Работилница |
| 16 | Примена на Закон за инспекциски надзор | Инспектори во ЕЛС | ноември, ЗТЦ Скопје | 57 | Работилница |
| 17 | Национален портал е-услуги | Општинска администрација | ноември, ЗТЦ Скопје | 26 | Работилница |
| 18 | Подготовка на стратешки план за развој на ЕЛС | Мрежа за локален економски развој | декември, ЗТЦ Скопје | 17 | Обука |
| 19 | Елаборати во животна средина | Мрежа за животна средина | декември, ЗТЦ Скопје | 62 | Обука |
| 20 | Користење, испуштање и заштита на води, и надоместоци | Мрежа за животна средина | декември, ЗТЦ Скопје | 37 | Обука |
| 21 | Б-интегрирани еколошки дозволи (Б-ИСКЗ) | Мрежа за животна средина | декември, ЗТЦ Скопје | 44 | Обука |
| 22 | Безбедност на ИТ-инфраструктура и Најчести дефекти на компјутери кои користат софтвери на ЗЕЛС | Мрежа за ИТ | декември, ЗТЦ Скопје | 21 | Обука |
| 23 | Сертификација на општини со поволно деловно опкружување (БФЦЈИЕ) | Администрација на Град Скопје | декември, ЗТЦ Скопје | 12 | Обука |
| **ВКУПНО** | | | | **881** | |

## ЗЕЛС ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ (ЗЕПЕ)

***ЗЕЛС единица за поддршка на електронските услуги за општините (ЗЕПЕ) е административна единица, преку која се овозможува забрзано реализирање на една од приоритетните стратегиски цели на ЗЕЛС, а тоа е поддршка на своите членки на патот на создавањето на „е-општина". Оваа единица, едновремено, во името на сите општини, го врши одржувањето, како и обезбедувањето на непречено користење на информациските системи од страна на општините. Предностите на користењето на информациските системи не се големи само за општините, туку и за граѓаните и за стопанските субјекти. Преку овие системи се зголемува и ефикасноста во работењето на општините, економичноста во трошењето на општинските ресурси и транспарентноста.***

**Во делот „ЗЕЛС е-услуги" поставени се следниве системи:**

**1.** Електронска платформа за градежно земјиште www.gradezno-zemjiste.mk, со која сите постапки утврдени во Законот за градежно земјиште се спроведуваа исклучиво електронски, преку овој сајт;

**2.** Софтверска апликација за следење на роковите од склучените договори за отуѓување на градежното земјиште, сопственост на Република Северна Македонија www.rdgz.mk;

**3.** Софтвер за електронско издавање на одобрение за градење www.gradezna-dozvola.mk;

**4.** Софтверска алатка www.e-stvari.mk за електронско јавно наддавање за спроведување на постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари;

**5.** Електронска платформа www.rob.zels.org.mk за размена на информации од преземени активности на локално ниво од областа на родова еднаквост;

**6.** Интернет страница www.forumski-moderatori.mk за информирање на општините за активностите на локалните власти од спроведувањето на граѓанската алатка „форуми во заедницата", на која се ставени и профилите на сите сертифицирани модератори кои општините ги користат во форумскиот процес;

**7.** Софтвер за пријавување проблеми во општините www.pp.e-uslugi.mk. За оваа апликација можат да се пријават бесплатно сите општини и таа им овозможува на граѓаните да пријавуваат проблеми во областите на животната средината, комуналните услуги, урбанизмот и сите останати надлежности на локалните самоуправи.

Преку информацискиот систем www.gradezna-dozvola.mk општините во 2019 година издадоа 2109 одобренија за градење, а преку информацискиот систем за електронско јавно наддавање за спроведување на постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари www.e-stvari.mk имаа околу 100 објави за аукции.







JCC North Macedonia

# 4. ПРОЕКТИ, КОНФЕРЕНЦИИ, ДОМАШНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

## ЗЕЛС во Конзорциум на ЛоГов проект од „Хоризонт 2020"

ЗЕЛС од 1 јануари, 2019 година официјално стана дел од проектот „Локална самоуправа и промена на урбано-руралните односи – ЛоГов", како еден од 10-те партнери на проектниот конзорциум и дополнителните осум корисници на програмските активности на проектот. ЛоГов е поддржан преку финансискиот инструмент на ЕУ „Хоризонт 2020". Во таа насока, ЗЕЛС во периодот април – август, 2019 година, беше домаќин на двајца докторанди од Полска, еден докторанд од Аргентина и еден од Италија. Секој од нив, во период од триесетина дена имаше можност секојдневно да ги следи активностите на ЗЕЛС и да се запознае со имплементирањето на децентрализацијата на власт во земјата.

## Реализиран проектот „Поддршка на единиците на локалната власт на РСМ во промоција на одржлива урбана мобилност"

Проектот „Поддршка на единиците на локалната власт на РСМ во промоција на одржлива урбана мобилност" овозможи примена на европските конвенции и правила на локално ниво; создавање на добри практики од општините во оваа област; обучување на општинската администрација за процесите на урбано мобилно планирање и создавање на база на експерти кои во иднина ќе можат да ги поддржуваат општините во оваа насока.

Во рамките на проектот, на 10 мај, 2019 година беше објавен јавен повик за аплицирање на општините и тоа оние кои имаат најмалку 30.000 жители, како и оние кои имаат одделение или сектор за урбана мобилност или сообраќај. Во рамките на јавниот повик беше вклучено и пријавување на кандидати за обука од областа на урбаната мобилност (обука на обучувачи), кои треба да ги поддржат селектирани општини во процесот на урбаното планирање, но исто така и во понатамошниот период да може да обезбедат поддршка на други заинтересирани општини. Општините Карпош и Охрид добија грант во износ од по 7.500,00 евра (бруто) за имплементација на предлог-проектите кои користат мерки на „Sustainable urban mobility planning- SUMP", а пет општини: Битола, Карпош, Кавадарци, Куманово и Охрид добија експертска поддршка во процесот на насочување или изработка на урбанистички планови или стратешки документи за одржлива урбана мобилност. Во таа насока во просториите на ЗЕЛС, во месец јули и август беа одржани поединечни работилници за претставниците од овие општини, а во периодот од 23 август до 6 септември, 2019 година тие објавија јавна анкета и организираа јавна расправа за да ги осознаат потребите, ставовите и идеите на граѓаните во каква уредена општина/град тие сакаат да живеат.

Завршната конференција на проектот ЗЕЛС ја организираше на 19 септември, 2019 година во административната зграда на Заедницата, во рамките на одбележувањето на „Европската недела за урбана мобилност". Претставници од шесте општини потпишаа изјави дека ќе продолжат со имплементирањето на мерките за одржлива урбана мобилност (СУМП) и ги презентираат активностите што ги реализирале во рамките на проектот. На дополнителниот јавен повик на ЗЕЛС општините Битола и Велес, аплицираа за финансиска поддршка за спроведување на одредени активности во нивната општина, што ги реализираа во рамките на „Европската недела на урбана мобилност".

## Нов проект на ЗЕЛС за родово еднакви општини

„Кон родово одговорни општини: зајакнување на општинските капацитети за политики за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање" е новиот двегодишен проект што ЗЕЛС започна да го реализира од месец август, 2019 година, со поддршка на UN Women. Во таа насока, ЗЕЛС подготви прашалник за изјаснување на потребата за обуки од оваа област што го испрати до општинските секретари и до координаторите на Комисиите за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ), а чии резултати беа презентирани пред координаторите на КЕМ, на 25 октомври, 2019 година во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот. На оваа работна средба беше претставен и новиот проект. На 3 и 4 ноември, 2019 година, во Струга беше организира дводневна обука





за градоначалничките, за претседателките на општински совети и општинските координаторки, на која тие беа запознаени со основните родови концепти, начинот на креирање на родови политики и воведување на родово одговорно буџетирање на локално ниво. На средбата беше иницирано формирање на Лоби група за родова еднаквост на ЗЕЛС, чиј состав беше утврден на дванаесеттата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС.

Во рамките на проектот, ЗЕЛС презеде активности за унапредување на електронската платформа за родово одговорно буџетирање www.rob.zels.org.mk, која ќе има нови алатки и техники за родово разделени податоци во општината, како и развивање на унифицирани алатки за промоција на општинските активности за родова еднаквост преку општинските канали за информирање.

## Поддршка на општините за изработка на документот „функционална анализа"

Во рамките на проектот „Поддршка на процесите за демократско управување" ЗЕЛС и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, реализираа активности посветени на јакнење на административните капацитети за изработка на документот за функционална анализа, што претставува законска обврска на локалната власт. За претставниците од одделенијата за човечки ресурси во 2019 година беа одржани три дводневни работилници:на 22 и 23 мај, во Скопје; на 12 и 13 јуни, во Охрид и на 20 и 21 јуни, во Берово. Околу 40 претставници од Мрежата за управување со човечки ресурси при ЗЕЛС добија сертификат за учество на обуки за спроведување на функционална анализа што свечено им беше врачен на 11 декември, 2019 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот. Шест општини: Битола, Богданци; Делчево, Неготино, Охрид и Ранковце добија директна менторска поддршка при изработката на финалниот документ.

## Активности на ЗЕЛС во рамките на Проектот „Зајакнување на општинските совети"

ЗЕЛС како партнер во проектот „Зајакнување на општинските совети" во 2019 година даде посебен придонес во втората компонента, која се однесува на вмрежувањето на општинските советниците. Во таа насока, ЗЕЛС и УНДП организираа работилници за советниците од трите тематски групи: за локален економски развој (на 9 април, 2019 година); за финансирање и буџет во ЕЛС (на 10 јуни, 2019 година) и тематската работна група за родова еднаквост (на 13 декември, 2019 година). На советниците од тематската група за локален економски развој, меѓу другото, им беа претставени придобивките за локалната власт од регионалниот сертификат „Business Friendly Certificate - BFC SEE". На работилница за тематската група за финансирање и буџет во ЕЛС советниците се запознаа со значењето и организирањето на „буџетскиот форум" - модел за партиципативно учество на граѓаните, а им беа презентирани и алатките и модалитетите на партиципативното буџетирање во Република Полска, со посебен осврт на таканаречениот Селски фонд (Village fund или "Sołecki fund", што го презентираше, Марчин Соколовски, докторанд од Полска. Заложбите за унапредување на родовата еднаквост на локално ниво што ги спроведува ЗЕЛС и законските обврски што во оваа област ги имаат општините беа презентирани пред советниците од тематската работна група за родова еднаквост.

## Подготовки за поголема примена на ЈПП и во локалната власт

Претставници од единаесет општини од земјава: Аеродром, Гази Баба, Кавадарци, Кичево, Куманово, Охрид, Прилеп, Струга, Струмица, Тетово и Чаир, на 25 јули, 2019 година учествуваа на средбата, што ја организираше Министерството за економија, во соработка со ЗЕЛС. Присутните беа запознаени дека започнува нов, едногодишен проект „Зајакнување на правната рамка и политика на ЈПП во Република Северна Македонија" кој се реализира со поддршка на Светска банка. Во таа







насока, на состанокот локалните власти ги изнесоа досегашните позитивни и негативни искуства во процесите на воспоставувањето на јавно - приватно партнерство.

## Посета на претседателот на Европскиот комитет на регионите

Претседателот на Европскиот комитет на регионите (КоР), Карл-Хајнц Ламберц, во Скопје, на 18 септември, 2019 година, се сретна со претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов и со градоначалникот на Штип, Благој Бочварски, кој е ко-претседавач на ЗКК, а на состанокот присуствуваше и Никола Бертолини, раководител на Одделението за соработка при Делегацијата на ЕУ во нашата земја. Присутните беа запознаени со тековните разговори на локалната со централната власт околу можностите за продлабочување на процесот на децентрализација во земјава. Нагласувајќи го значењето на меѓуграничната соработка, претседателот Ламберц информираше за можностите и механизмите кои ги нуди Европскиот комитет на регионите. На крајот, тој изрази оптимизам дека следниот чекор за земјава ќе биде отпочнување на преговори со Европската Унија.



## Заеднички консултативен комитет помеѓу Република Северна Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија (ЗКК)

***Заедничкиот консултативен комитет помеѓу Република Северна Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија (ЗКК) го сочинуваат вкупно 22 делегати, односно по 11 делегати од двете страни, при што се избираат и нивни заменици, сите од редовите на градоначалници и советници. Со ова тело заседаваат двајца ко-претседавачи, едниот од нашата земја, другиот од Комитетот на регионите. ЗКК е воспоставен уште во 2008 година, со цел да ја подготвува основата за проширување на ЕУ преку унапредување на политичкиот дијалог и соработка меѓу локалните и регионалните власти. Во текот на 2019 година, ЗКК одржа два состанока од кои едниот во Брисел, а другиот во Скопје.***

## Шеснаесетта седница на ЗКК *(18 јуни, 2019 година, Брисел)*

Делегатите од локалната власт од нашата земја, делегација од Министерството за локална самоуправа и шефот на Мисијата на РСМ при ЕУ учествуваа на шеснаесеттиот состанок на ЗКК во Брисел, каде според вообичаениот редослед првата сесија редовно е посветена на напредокот и влијанието на локалната власт во процесот на интегрирањето на нашата земја во Европската Унија. Пред делегатите на ова тело, претседателот на ЗЕЛС, Петре Шилегов, изрази оптимизам дека ЕУ конечно ќе ги отвори портите за нашата земја и ќе го утврди датумот за отпочнување на преговори за влез во европското семејство. Тој посочи дека улогата на општините во овој процес е голема, особено што градењето на демократијата најмногу се изразува на локално ниво. На присутните им се обрати и Благој Бочварски, градоначалник на Општина Штип и ко-претседавач на ова тело



од македонска страна и ко-претседавачот од европска страна, Јасна Грабиќ, градоначалник на Општина Требовље, (Словенија).

На втората сесија „Јакнење на доброто владеење", градоначалничката на Општина Македонска Каменица, Соња Стаменкова, го презентираше напредокот на локалните власти во нашата земја во делот на родовата еднаквост и заштита на жената, при што ги изнесе и резултатите од активностите на ЗЕЛС во оваа област. Во дискусиите беше нагласено дека обновениот пристап на ЕУ кон процесот на пристапување на Западен Балкан предвидува отворање на владеењето на правото, поглавја 23 и 24 на самиот почеток, со што ќе се овозможи поголемо следење на фундаменталните права за време на разговорите за пристапување.

## Седумнаесетта седница на ЗКК

*(11 декември, 2019 година, Скопје)*

Делегатите на седумнаесеттата седница на Заедничкиот консултативен комитет меѓу РСМ и Комитетот на региони на Европска Унија (ЗКК), што се одржа во Скопје, ги поздрави потпретседателот на Заедницата и градоначалник на Општина Чаир, Висар Ганиу. Тој истакна дека за неполни шест месеци од последниот состанок што ЗКК го одржа во Брисел, во нашата земја се покренати суштински активности за продлабочување на процесот на децентрализацијата на власта, при што го презентираше и новиот предлог-концепт на ЗЕЛС за унапредување на системот на локалната власт. Ганиу, исто така, нагласи дека на општините и понатаму им е потребна поддршка од Европската Унија, особено за обезбедување на капитални инвестиции. Ко-претседавачите од двете страни на ЗКК, Благој Бочварски, градоначалник на Општина Штип и Дејрдер Форд, советничка од градот Корк, Ирска, во контекст на негативната одлука за доделување датум за отпочнување на преговори за пристапување на нашата земја во ЕУ, од октомври, 2019 година, го потврдија заедничкиот став дека РСМ има право да биде дел од европското семејство. И шефот на Делегацијата на ЕУ во нашата земја упати порака до министерот за локална самоуправа, цврсто да се залага високо на агендата на Владата на РСМ да биде фискалната децентрализација.

Втората тема беше посветена на развојот и на предизвиците на локалната економија. Бочварски наведе дека во повеќе општини се подигнати стандардите на взаемна соработка со бизнис секторот и со невладиниот сектор и се подобрени услугите на локалната самоуправа кон бизнис секторот, меѓу другото и како резултат на имплементирањето на стандардите на регионалната програма за подобрување на локалниот економски развој (БФЦ ЈИЕ сертификација). Градоначалник на Општина Гевгелија, Сашо Поцков, пак, говореше за својата општина, која е првенствено фокусирана на обезбедување поволни услови за привлекување на инвестиции и поддршка на бизнис заедница, но и на обезбедување на услови за одржлив еколошки и економски развој на општината.







# 5. ИНФОРМИРАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО И ЈАВНОСТА

***ЗЕЛС редовно ги информира своите членки и јавноста за сите преземени активности, донесените одлуки, резултатите од лобирањето, спроведувањето на проекти, изработените анализи, студии, реализираните обуки и средби. ЗЕЛС истовремено црпе информации од локалните власти при утврдувањето на своите активности, поради што особено се залага за обезбедувањето на квалитетна двонасочна комуникација со општините. Во насока на обезбедување на поголема транспарентност во своето работење, ЗЕЛС користи најразновидни алатки, меѓу кои се:***

**Веб-локацијата на ЗЕЛС (www.zels.org.mk)** која во 2019 година ја посетиле над 63.000 пати и над 12.000 лица. Информациите се поставуваат на македонски, на албански и на англиски јазик. Се објавуваат сите активности и записници на управните тела на ЗЕЛС, на мрежите при ЗЕЛС, средбите и комуникациите со централната власт и со меѓународните организации, одржаните конференции и советувања, како и сите публикации што ги подготвува ЗЕЛС.

**ЗЕЛС секојдневно доставува информации до општините и по електронски пат.** ЗЕЛС има подготвено база на електронски адреси од сите општини на кои доставува информации кои се од важност за работењето на локалните власти. Општините, на тој начин, навремено и точно се информираат за сите преземени активности на ЗЕЛС, но и за оние на централната власт, а кои се однесуваат на локалното владеење и децентрализацијата во земјава.

**Контакти со медиумите:** ЗЕЛС во континуитет има добра соработка со сите медиуми, до кои редовно доставува соопштенија за сите актуелности од работењето на Заедницата. Медиумите се повикуваат и при организирањето на конференции, како и на седниците на Генералното собрание на ЗЕЛС.

ЗЕЛС во 2019 година го **публикуваше четиринаесеттиот „Годишен извештај на ЗЕЛС за 2018 година“** што претставува еден од начините на обезбедување на поголема транспарентност во своето работење. Оваа публикација се печати на три јазици: македонски, албански и англиски јазик. Примерок добива секоја општина, како и домашни институции и организации со кои соработува ЗЕЛС и се поставува на веб-страницата на ЗЕЛС www.zels.org.mk.






**ЗЕЛС изготвува весник - Гласило на ЗЕЛС** и во 2019 година издаде девет броја. Бесплатен примерок добиваат сите градоначалници, сите советници, како и членовите на Владата на РСМ, пратениците во Собранието на РСМ, медиумите, странските амбасади, како и меѓународни организации чии активности се насочени кон јакнење на децентрализацијата во нашата земја. Гласилото се печати во македонско-албанска и македонско-англиска јазична верзија и двете се поставуваат и на веб-страницата на ЗЕЛС.



























# 6. СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗЕЛС

**Извршен директор**
*Душица Перишиќ*

**Заменик извршен директор и раководител на одделението за односи со јавноста, обуки и услужни дејности**
*Ардита Дема-Мехмети*

- Советник за односи со јавноста
  Весна Арсовска-Динковска
- ЗЕЛС Тренинг центар (ЗТЦ)
  - Советник-координатор за обуки
    Ивана Серафимова
  - Советник-координатор за обуки
    Ирена Николов
- ЗЕЛС единица за поддршка на „е – општини“(ЗЕПЕ)
  - Советник за информатичка технологија
    Александар Арсовски
  - Советник за информатичка технологија
    Никола Тодоровски
  - Советник за информатичка технологија
    Александар Стојановски
    (од 01 февруари, 2019)

**Раководител на одделението за нормативно –правни, материјално-финансиски и административни работи**
*Виктор Арнаудоски*

- ЗЕЛС правна поддршка (ЗПП)
  - Советник за нормативно-правни прашања
    Наташа Вртеска
  - Советник за нормативно-правни прашања
    Ива Наневска
    ( до 09 јуни, 2019)
- Самостоен административно-технички референт
  Слободанка Арангеловиќ
  (до 30 април, 2019 )
  Темјана Митревска
  (од 01 март, 2019 )
- Советник за материјално-финансиско работење
  Софија Стефановска
- Советник преведувач
  Арта Абази
- Советник преведувач
  Славе Чорбев
- Техничко лице – возач
  Игор Митревски
- Техничко лице-хигиеничар
  Јуца Димитриевска

# 7. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ И РЕВИЗИЈА

ECOVIS
AUDIT MACEDONIA

1-1/10 Anton Popov, P.O. Box 462
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: +389 2 2 463 140
Fax-No: +389 2 2 462 063
E-mail: contact@ecovis.mk
www.ecovis.com

## Извештај на независниот ревизор

**До основачите и Управниот Одбор на ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗЕЛС Скопје**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од Годишната сметка на Заедницата на единиците на локална самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС Скопје (во понатамошниот текст ЗЕЛС на РСМ), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 Декември 2019 година и Билансот на приходи и расходи, како и објаснувачките белешки и прегледот на значајните сметководствени политики за годината што завршува на тој датум.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи согласно Законот за сметководство на непрофитни организации. Оваа одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на внатрешна контрола релевантна за изготвување и објективно презентирање на такви финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни погрешни прикажувања било како резулатат на измама или грешка; избор и примена на соодветни сметководствени политики и донесување на разумни сметководствени проценки соодветни на околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на извршената ревизија. Ние ја извршивме ревизијата во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија кои што се прифатени во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат наша усогласеност со етичките барања, како и тоа ревизијата да ја планираме и извршуваме на начин кој ќе ни овозможи да стекнеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на процедури со цел стекнување ревизорски докази за износите и објавувањата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од проценката на ревизорот и истите вклучуваат проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали тие се настанати поради измама или грешка. При овие проценки на ризиците, ревизорот ја зема во предвид внатрешната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на ЗЕЛС на РСМ Скопје со цел креирање на такви ревизорски процедури кои ќе бидат соодветни на околностите, но не и за целта за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на ЗЕЛС на РСМ Скопје.

MEMBER OF THE FORUM OF FIRMS

Ревизијата, исто така вклучува и оценка на соодветноста на применетите сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на Раководството како и оценка на севкупната презентација на финансиски извештаи.

Ние веруваме дека стекнатите ревизорски докази се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Наше мислење е дека финансиските извештаи во сите материјално значајни аспекти, ја презентираат реално финансиската состојба на Заедницата на единиците на локална самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС Скопје на ден 31 Декември 2019 година, како и нејзината финансиска успешност, за годината што завршува на тој датум, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации.

***Други прашања***

Финансиските извештаи за претходната година беа ревидирани од друг ревизор кој издал позитивно мислење за финансиските извештаи.

Скопје, 06 април 2020 година

Овластен ревизор,

Елена Адамова

ECOVIS AUDIT MACEDONIA Друштво за ревизија ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје





| РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ | | |
|---|---|---|
| ДАТУМ | ОЗНАКА | БРОЈ |
| 06.04.2020 | Е. А | 05-4/18 |

# СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО 2019 ГОДИНА

| Приходи според извори | денари |
|---|---|
| Приходи од членарина | 38,305,391.00 |
| Приходи од донации | 4,073,521.00 |
| Приходи од камата и позитивни курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 480,484.00 |
| Приходи од извршени услуги | 1,420,202.00 |
| Вкупно | 44,279,598.00 |



# РАСХОДИ ВО 2019 ГОДИНА

| РАСХОДИ ВО 2019 ГОДИНА | денари |
|---|---|
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 181,923.00 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 859,576.00 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет услуги | 1,011,267.00 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 6,188,033.00 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 980,888.00 |
| Услуги за превоз | 92,605.00 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 20,900.00 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 175,922.00 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , закуп на сала, опрема и храна) | 1,091,162.00 |
| Регистрација на возила , премии за осигирување на опрема и возила | 116,294.00 |
| Банкарски  трошоци | 43,789.00 |
| Интелектуални услуги и услуги за вработени (надокнада за елаборати,експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги) | 192,350.00 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 790,613.00 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети) | 244,632.00 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 10,691,154.00 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации и друга техничка опрема и возило | 1,416,865.00 |
| Даноци што не зависатот од резултатот, негативни курсни разлики | 170,110.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **24,268,083.00** |

# РАСХОДИ ВО 2019 ГОДИНА



# РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЗЕЛС ВО 2019 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Планирано во 2019 година | Реализирано во 2019 година | % |
|---|---|---|---|
| Вишок на приходи од минатата година | 7,303,600.00 | 0.00 | 0.00 |
| Приходи од членарина | 16,180,240.00 | 38,305,391.00 | 236.74 |
| Приходи од донации | 3,245,800.00 | 4,073,521.00 | 125.50 |
| Приходи од извршени услуги | 1,170,360.00 | 1,420,202.00 | 121.35 |
| Приходи од камата , курсни разлики и приходи врз основа на уредба | 130,000.00 | 480,484.00 | 369.60 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **28,030,000.00** | **44,279,598.00** | **157.97** |
| РАСХОДИ | Планирано во 2019 година | Реализирано во 2019 година | % |
| Трошоци за материјали ( канцелариски материјал , потрошен материјал , средства за хигиена) | 210,000.00 | 181,923.00 | 86.63 |
| Трошоци за енергија (струја , парно , вода) | 1,010,000.00 | 859,576.00 | 85.11 |
| Трошоци за пошта , телефон , интернет | 910,000.00 | 1,011,267.00 | 111.13 |
| Трошоци за одржување на системот на е- услуги, услуги за сервис и поправки | 5,894,000.00 | 6,188,033.00 | 104.99 |
| Услуги за дизајнирање и печатење | 1,255,000.00 | 980,888.00 | 78.16 |
| Услуги за превоз | 370,000.00 | 92,605.00 | 25.03 |
| Трошоци за репрезентација (функционален трошок) | 80,000.00 | 20,900.00 | 26.13 |
| Трошоци за службени весници , огласи , објави | 151,000.00 | 175,922.00 | 116.50 |
| Трошоци за организирање на собрание , конференции , семинари , обуки (сместување , опрема и храна) | 1,850,000.00 | 1,091,162.00 | 58.98 |
| Регистрација на возила , премии за осигурување на опрема и возила | 120,000.00 | 116,294.00 | 96.91 |
| Банкарски трошоци | 40,000.00 | 43,789.00 | 109.47 |
| Интелектуални услуги и услуги за вработени (надокнада за елаборати,експерти, услуги за ревизија, нотарски услуги) | 1,372,000.00 | 192,350.00 | 14.02 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 730,000.00 | 790,613.00 | 108.30 |
| Трошоци за службен пат (трошоци за ноќевање, патни сметки , авио билети) | 240,000.00 | 244,632.00 | 101.93 |
| Бруто плати , надоместоци и други примања на вработени | 11,968,000.00 | 10,691,154.00 | 89.33 |
| Набавка на ИКТ опрема, софтверски апликации, друга техничка опрема и возило | 1,830,000.00 | 1,416,865.00 | 77.42 |
| Даноци што не зависат од резултатот, негативни курсни разлики | 0.00 | 170,110.00 | 0.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **28,030,000.00** | **24,268,083.00** | **86.58** |

# СОДРЖИНА

Предговор ... 3

1. ЗА ЗЕЛС ... 4

2.АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ЗЕЛС ... 5

Генерално Собрание на ЗЕЛС ... 5

Управен одбор на ЗЕЛС ... 9

Надзорен одбор на ЗЕЛС ... 13

Комитет на советите при ЗЕЛС ... 14

Комисии во ЗЕЛС ... 16

Професионални мрежи во ЗЕЛС ... 20

3.ЗЕЛС ТРЕНИНГ ЦЕНТАР (ЗТЦ) и ЗЕЛС ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ (ЗЕПЕ) ... 21

ЗЕЛС тренинг центар (ТЦ) ... 21

ЗЕЛС единица за поддршка на електронските услуги (ЗЕПЕ) ... 23

4.ПРОЕКТИ, КОНФЕРЕНЦИИ, ДОМАШНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ... 25

Заедничкиот консултативен комитет помеѓу Република Северна Македонија и Комитетот на регионите на Европската Унија (ЗКК) ... 27

5.ИНФОРМИРАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО И ЈАВНОСТА ... 29

6. СТРУЧНА СЛУЖБА НА ЗЕЛС ... 31

7. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ И РЕВИЗИЈА ... 32

Ревизија ... 32

Финансиски извештај ... 34

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЗЕЛС ЗА 2019 ГОДИНА

За издавачот: Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија –ЗЕЛС

Извршен директор:
Душица Перишиќ

Адреса на издавачот: ЗЕЛС, ул. „Копенхагенска“ бр. 5
ПФ 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел:02/3099033, Факс: 02/3061994
e-mail:contact@zels.org.mk
www.zels.org.mk

Подготвил :
Весна Арсовска-Динковска

Фотографии: од Фото архива на ЗЕЛС
Илустрација : 230 x 200 mm

Лекторирал: „Момент мал“ ДООЕЛ Скопје,
Дизајн : „Софија “ ДОО Богданци

ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр.5, п.фах 32, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
www.zels.org.mk / contact@zels.org.mk